# Групата е погласна од индивидуалецот

Нова Македонија
Like 62,999

**Уметничките групации („Зеро“, „Моми“, „Арт-институт“, „Опа“, „Кооперација“...) што последниве години никнаа како печурки по дожд се показател дека преку групното, но и неформалното, дејствување може да се направи многу повеќе кога станува збор за критичка уметничка свест. Да се работи заедно едновремено е многу повозбудлив и поавантуристички уметнички чин, порачуваат уметниците**



Групата „Зеро“ на Венециското биенале во 2011 година

## ОЖИВУВАЊЕ НА УМЕТНИЧКИТЕ КОЛЕКТИВИ

Други вести

- Македонецот Наумовски на сцената на „Да мама“ во Њујорк
- Почнува нова книжевна традиција на Балканот
- Од глупави причини одбиени книги што заработиле милиони
- Никола Мациров гостин на „Тирана помеѓу“
- Битола ќе го возобнови киното на браќата Манаки
- Черепот на Хирст доби кловновски нос
- Нобеловецот Мо Јан против партиските моќници
- Кружното патување на Јулето

Највести

Читани | Коментирани | Оценувани

1. Во ЕУ се знае кој е елита, а кој е граѓанин од втор ред
2. Дваесетина општини ќе го определат победникот
3. Груевски: Петрески заспа на средбата со Субрата
4. За еден ден претепани двајца мажи и малолетничка
5. Скопје ви се заблагодарува
6. Дебар живее од парите испратени од Америка

Коментари и дебати

Петранка Талеска
**Желбата за градски живот ќе нè остави без храна**

Во Македонија уште одамна се забележуваат села што се напуштени. Имено, статистичарите предупредуваат дека во нашата земја имаме дури 147 целосно испразнети села, додека стотици други имаат по десетина жители. Но најголем дел ...

Петар Шкрбина
**Странските вложувања во поширокиот регион на Балканот (2)**

Покрај Руската Федерација, најбогати земји со гас се Азербејџан со околу 14 милијарди кубни метри гас, Иран со околу 20 милијарди кубни метри гас и Ирак, Казахстан и Туркменистан со околу 30 милијарди кубни метри гас ...

Јованка Кепеска
**Не е до човекот, поради инерцијата на светса е**

Каква квалификација би им се припишала, на пример, на мерките што ги применуваат Обединетите Арапски Емирати во изградбата на националноста. Тие, останувајќи космополитска земја со внесувањето странски труд, ја

Повторното оживување на уметничките колективи последниве години, според многумина, произлегува од презаситеноста на уметничкиот пазар од уметникот-индивидуалец, со што уметноста повторно влезе во опасноста да стане мистифицирана и идеализирана. Феноменот на уметничкиот колектив речиси секогаш бил тесно поврзан со бурните политичко-економски превирања, што е случај и денес, кога погласна и помоќна е можеби позицијата на уметничкиот колектив отколку на поединецот.

заштитуваат ...

Печати | Прати ја страницата | Врати се назад

**Авантуристички уметнички чин**

Уметничките групации што последниве години никнаа како печурки по дожд се показател дека преку групното и неформалното дејствување може да се направи многу повеќе. Едновремено, да се работи заедно е многу повозбудлив и поавантуристички уметнички чин, порачуваат уметниците, кои сметаат дека критичка ликовна сцена во Македонија практично и не постои.

- Мал е бројот на оние што преку својата уметност се обидуваат критички да се впуштат во преиспитување прашања што се од суштинска важност. И можеби токму затоа нивното здружување сега е неопходно во име на зачувување една деликатна, но сепак многу важна улога на уметноста, која мора да опстане, особено денес, во услови на економско-политичка, но и идентитетска криза - вели уметникот Игор Тошевски, кој бил член на повеќе уметнички колективи (У.С.Т.А, „Туш лабораторија“, „Зеро“ и „Кооперација“).

Покрај потребата за сериозен уметнички ангажман, единствената женска уметничка групација „Моми“ меѓу мотивите за поврзување ги посочува и самоиницијативноста и можноста за независност од институциите.

- Случајно се погоди сите од групацијата да бидеме жени. Нашата главна цел е создавањето уметност, без оглед дали проектите ќе бидат самоиницијативно организирани, со помош на куратори или некоја институција. Нè спои сличниот сензибилитет, спонтано се најдовме, и потоа ја донесовме одлуката да продолжиме заедно. Функционираме беспрекорно и без некои посебни подготовки, а нашите дела едноставно се компатибилни едни со други. Кога се работи во група се создава поинаква енергија и креативноста сосема поинаку се развива. Имаме скулпторка, графичарка, сликарки и многу често и ги комбинираме медиумите - вели Маја Кировска од уметничката групација „Моми“.

**Колективното дејствување има посилен ефект**

Во услови на замирање на критичката уметничка мисла на македонската ликовна сцена, чинот на уметничко преиспитување на турбулентните социополитички превирања е понеопходен од кога било претходно.

- Во денешните состојби на глобализација и хибридност на идентитетот се создава тежнеење кон радикална критика на капитализмот и преиспитување на дадените културни достигнувања и вредности.
Овој напор добива двојно на тежина во нашето специфично поднебје, кога ќе се земат предвид идеолошките противречности со кои се соочуваме како млада и неискусна демократија. Еден од можните модели е секако колективното дејствување, кое, како што покажало и минатото, неретко има многу посилен ефект во комуникацијата на уметничкото дело со публиката, наспроти индивидуалното експонирање - подвлекува Тошевски.

Според него, во ваквиот пристап се вградени интердисциплинарноста, употребата на различни медиуми, јавниот простор и интерактивноста со публиката, каде што во игра се вклопени сè покомплексни механизми на продукција.

- Бев член на четири колективи. Додека во некои групи дејствувањето беше сведено на колективно јавно претставување на поединечни автори и дела, со „Зеро“ често имаше колаборација на заеднички проекти, каде што до израз дојдоа испреплетувањето и, конечно, анулирањето на индивидуалното во име на еден заеднички производ - вели Тошевски.

Неговото искуство, пак, со групата „Кооперација“, како што вели, е сосема поинакво. Тука станува збор за иницијатива за алтернативно дејствување надвор од институциите со акции што би опфатиле што поширок спектар на онаа „жива“ уметност, која сè помалку ја гледаме во националните институции.

- Треба да се ослободиме од вештачки наметнатите модели на создавање и

перцепција и да се прифатат предностите на експериментот во име на наоѓање сопствени автохтони вредности што, секако, ги поседуваме како култура. Ова е важен процес на колективно самоспознавање како за публиката, така и за самите уметници, кои така се преиспитуваат и усовршуваат, што е општо корисно и секако многу позабавно - подвлекува Тошевски.

**Во капитализмот и уметноста стана стока**

Во услови кога денешницата сè уште е обременета со опасностите од тероризам, епидемии, еколошки катастрофи, сиромаштија и невработеност, локални конфликти или глобална војна, ликовните колективи, повеќе од кој било друг се повикани на одговорната задача да реагираат на овие случувања.

Токму поради тоа, појавата на многубројни ликовни групи беше најизразена во турбулентните 1960-те години, кога уметничките групации станаа здружено предупредување на опасноста од притисоците на империјализмот, моралните стеги или технолошката деструкција. Главниот заеднички именител на групите како „Флуксус“, „Кобра“, „Зеро“ (Германија) е тежнеењето кон откривање нови форми на комуникација со публиката и ново позиционирање во однос на политичките и идеолошките ставови воопшто. Ова беше неопходно оти глобалниот капитализам веќе сериозно беше навлезен во најдлабоките пори на цивилизацијата, апсорбирајќи ја дури и уметноста како пазарна стока.

Покрај политичко-економските прашања, уметнички приоритет на овие групации станаа темите врзани за идеолошките матрици и нивното критичкото преиспитување во контекст на „новиот поредок“.
Најекспониран пример се секако ИРВИН од Словенија, чии премиси беа засновани врз изумот на „ретро-авангардата“, односно „погледот кон иднината преку призмата на минатото“. Ефектот на ваквите субверзивни акции се докажа како многу посилен и поефектен отколку формалниот галериски пристап.

Автор: Мимоза Петревска-Георгиева

Like 0 Tweet 0 g+1 0 Pin it Share

СПОДЕЛИ НА ПИНГ

Веста е прочитана: 46 Оценка: 5

Оставете коментар

Правила за објавување на коментарите

**buden**

mnogu mi se dopaga toa sto go rabotat MOMI. najmnogu, nivnata silna energija koja zraci od sekoe delo... posakuvam sto poveke nivni izlozbi